РепубликаСеверна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria ambientit jetësor
dhe planifikimit hapësinor
Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor

Архивски бр:ИП1 30-747
Дата: 15.08.2025 година

[redacted]

Државен инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei.gov.mk
Моб: +389 70 286 698

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Државниот инспекторат за животна средина преку Хасан Рустеми-Виш инспектор за заштита на природата, со службена легитимација број 06-0004, добил Барање за понатамошно постапување од ЈУНП Галичица со бр. 03-565/1 од 01.08.2025 година. Врз основа на добиениот предмет од НП Галичица констатирана е фактичката состојба и врз основа на член 174 од Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, ......................113/18 и Сл. весник на РСМ бр. 151/21 и 03/25), како и член (83 став 1) од Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.22/25) донесе:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ИЗРЕКУВА МЕРКА ОПОМЕНА** на физичко лице Крсте Сотироски со ЕМБГ и бр. на л.к. со адреса на живеење с.Лубаништа ул.б.б. - општина Охрид, поради.

1. Неконтролирано движење на стока (крави) во заштитени зони на територија на ЈУНП Галичица

2. Без согласност од ЈУНП Галичица за активности на користење, односно уживање на имотот во заштитеното подрачје

3. Рок: 30 дена

4. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина доби Барање за понатамошно постапување од ЈУНП Галичица со бр. 03-565/1 од 01.08.2025 година, примено во ДИЖС со бр. 30-897/1 на 06.08.2025г. Од страна на Хасан Рустеми-Виш инспектор за заштита на природата се изврши вонреден инспекциски надзор по издадениот налог со бр.02-897/2 од 12.08.2025г., барањето беше разгледано и се констатира дека физичкото лице Крсте Сотироски постапиле спротивно (член 75 и 113 став 2) од Законот за заштита на природата а е казниво согласно член 181 став (1), точка 13 од истиот закон. Од страна на службите на ЈУНП Галичица ни приложиа записник за констатација со бр.03-519/1 од 10.07.2025г. и фотодокументација на неконтролирано движење на стока (крави) и уништување на излетнички места во зона на одржливо користење и зона за активно управување, физичкото лице изјавил дека не знае дека треба да има согласност од НП Галичица како субјект надлежен за вршење на активностите на управување и непосредна заштита на заштитеното

подрачје Национален парк Галичица. Согласно надлежностите што произлегуваат од член 172 од Законот за заштита на природата и член 75 и 113 од Законот за инспекциски надзор, Виш инспектор за заштита на природата го донесе ова Решение.

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување согласно член 174-а став 2 од Законот за заштита на природата.

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова Решение, согласно член 106 став 1 од Законот за општа и управна постапка (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 124/15), може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број 30-747 на ден 15.08.2025 година.

Со почит,

Виш инспектор за
заштита на природата
МП д-р Хасан Рустеми

Доставено до:
- Архива
- Крсте Сотироски
  с.Лубаништа-општина Охрид

[redacted]

Државен инспекторат за
животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна
Македонија
E-mail:info@sei.gov.mk
Моб: +389 70 286 698

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë
së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698